UDK 271.2 ISSN 1409-5483

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ**

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК

## КНИГА 25-26

**СКОПЈЕ, 2019/2020**

Годишен зборник бр. 25-26
2019 – 2020

Редакциски одбор:

Д-р Ѓоко Ѓорѓевски, главен и одговорен уредник
Д-р Ратомир Грозданоски
Д-р Милан Ѓорѓевиќ

Секретар:
Д-р Дејан Борисов

Лектура и компјутерска подготовка:
Зорица Велкова

Печат: Контура – Скопје

Тираж: 100 примероци

Скопје, 2019 – 2020

27-283-34

ВИКТОР НЕДЕСКИ

# ПРЕГЛЕД НА АГИОЛОШКИТЕ ИЗВОРИ НА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА

Најзначајните агиолошки творби на православната Црква се напишани во IV–V век и во XIV век. Главни протагонисти во овие творби се мачениците од времето на гонењата, подвижниците и црковните личности кои се бореле против ересите. Од крајот на VII век и во VIII век се среќаваат многу малку агиолошки текстови, додека од IX век сè до XI век се забележува значителен подем. По стагнацијата на XII век се забележува нов подем во епохата на Палеолозите.

Врз основа на содржината, агиолошките текстови можат да се поделат на следните категории:

## АКТИ НА МАЧЕНИЦИТЕ, МАЧЕНИШТВА, МАЧЕНИКОСЛОВИ

Пред потпишувањето на Миланскиот едикт (313 г.), кој во концептот на новите верски слободи го вклучувал и христијанството, верниците на раната Црква честопати биле подложувани на сурови мачења за својата вера. Повеќепати се случувале локални прогони на христијаните иницирани од локалните владетели, а неколкупати и самите императори спроведувале сурови гонења на христијаните на целата територија на Римската империја. Многупати злоставувањата, присилувањата, конфискациите и сличните притисоци, кулминирале со страшни мачења и завршувале со смрт.

Воодушевувањето и љубовта на христијаните кон мачениците биле причина тие да собираат и да чуваат различни работи кои биле поврзани со нивното маченичштво. Со истата ревност со која се труделе да ги запазат моштите на мачениците, се грижеле да ги сочуваат и пишаните извори поврзани со мачениците.

Такви извори се: а) Официјалните *Акти* на римските судови, кои ги осудиле мачениците, б) *Маченишшвата*, односно описите на судењето и уби-

вањето на маченикот и в) *Маченикословиите*, односно подоцнежните преработени описи за мачениците врз основа на *Актите* и *Маченииштвата*[1].

а) *Акти на мачениците*

Станува збор за текстови кои ги опишуваат судските постапки против христијаните, во согласност со официјалните судски акти (лат. Acta, Gesta, гр. Πρακτικά, Πράξεις).

При римските судења било вообичаено брзописци (notarii, censuales или exceptores) да ги запишуваат обвинението, прашањата на судиите, одговорите на обвинетите и на крај одлуката на судот. Актите се чувале во државни архиви (instrumentum provinciae), од каде можело да се обезбеди препис[2]. Многупати христијаните, на најразлични начини, од државните архиви ги набавувале актите за судењето на некој христијанин, онака како што ги запишале брзописците или другите државни службеници. Овие *Акти* го содржат обвинението, прашањата на судиите одговорите на маченикот и на крај смртната пресуда.

Сочувани се: *Актите на свети Јустин и на другите со него*. Содржат краток вовед, прашања, пресуда и заклучок од судската постапка за Апологетот и шестмина негови придружници, кои биле заробени по заповед на епархот Junius Rusticus и пострадале заедно во 165 г., во времето на Марко Аврелиј. *Актите* на свети Јустин привлекуваат особено внимание бидејќи се официјалните акти од судењето на најзначајниот апологет.

*Акти на Африканските мачениции*. Станува збор за судската постапка против четворица мачениции од Северна Африка и уште шестмина од Нумидија, кои биле осудени на смрт од проконзулот Сатурнин на 17 јули 180. Текстот е напишан најпрво на латински. Сочуван е и грчки превод.

*Проконзулски акти на Кипријан*. Го содржат првото судење и прогонот на Картагинскиот епископ Кипријан, второто судење и изрекувањето на смртната казна на 14 септември 258 г.[3]

---

[1] Освен серијата Acta Sanctorum (65 тома) на Боландистите и списанието Analecta Bollandiana, најзначајни општи изданија со акти и маченишства се следниве: T. Ruinart, T. Ruinart, *Acta primorum martyrum sincera et selecta*, Amsterdam 1713; E le Blant, Les actes des martyrs, Paris 1923; O. Gebhardt, *Ausgewählte Märtyreracten und andere Urkunden aus der Verfolgungszeit der christlichen Kirche*, Berlin 1902; R. Knopf, *Ausgewählte Märtyrerakten*, Tübingen 1929; F. Rütten, *Lateinische Märtyrerakten und Märtyrerbriefe*, Münster 1931; F. Lukman, *Martyres Christi*, Celje 1934.

[2] Види: Ευσεβίου, *Εκκλησιαστική ιστορία*, 5, 18, 9 и 7, 11, 6; E. C. E. Owen, *Some Authentic Acts of the Early Martyrs*, Oxford 1927; W. Frend, *Martyrdom and Persecution in the Early Church*, Oxford 1965.

[3] Види: J. Quasten, *Patrology,* t.1, Westminster, Maryland 1983, 176–179.

б) *Маченишшва* (лат. Passiones, гр. Μαρτύρια)

Во оваа втора категорија спаѓаат творбите на директните сведоци на судењата на христијаните или пак нивни современици, кои ја опишале постапката, душевната цврстина на маченикот и неговото страдање.

Сочувани се: *Маченишшвошо на Поликарп* (околу 156 г.); *Маченишшвошо на Карп, Папил, Агашоник* (околу 161–169 г.); *Послание на црквише од Виена и Лион до црквише од Азија и Фригија* (177–178 г.); *Маченишшвошо на Аполинариј* (180–185); *Маченишшвошо на Перпешуа и Фелицишаше* (станува збор за најизвонредното од сите маченишства на древната Црква). Благородничката Вивија Пепетуа на возраст од 22 г. пострадала во Картагина (202 г.) заедно со нејзината слугинка Фелицитате и со други тројца катихумени (огласени) мажи. Ова Маченишство дава богати информации за животот и сфаќањата на првите христијани[4].

в) *Маченикослови*

Маченикословите се збирки на акти и маченишства составени доста време по завршувањето на гонењата. Кога завршија гонењата, Црквата посакала да го сочува споменот за жртвата на своите членови кои пострадале херојски. Така во локалните цркви почнале да се појавуваат каталози со имињата на мачениците и описи на нивните маченишства. Овие материјали служеле за литургиска и лична употреба и претставувале стожер за зацврстување на верата. За составување на Маченикословите[5], авторите ги користеле материјалите од *Акшише* и *Маченишшваша*.

Понекогаш авторите знаеле многу малку податоци за маченикот кого сакале да го претстават. Тогаш правеле слободна нарација која следела еден утврден ред, опишувајќи ги маченикот, судијата, мачителите, џелатот, верниците кои го следеле маченииштвото и на крај убивањето на маченикот. Овој материјал се врамувал со вовед и епилог во кои се поттикнувале верните да ги следат примерот и ревноста на мечениците и се нагласувала вредноста на маченииштвото. Така се создавале литургиските предуслови за оддавање почит на мачениците.

Евсевиј Кесариски е првиот кој напишал такво дело со наслов *Собор на древнише маченици*. Ова дело не е сочувано, но опширни делови од него Евсевиј вметнал во својата *Црковна исшорија*. Исто така, на грчки и сириски постои неговото дело *За посшрадаанише маченици во Палесшина*, во кое го

[4] Види: Quasten, *op.cit.*, 77 et seq и 180–184.

[5] Подетално за маченикословите види: H. Quentin, *Les martyrologes historiques du moyen âge*, Paris 1908; H. Leclercq, „Martyrologe“, *DACL* 10, 2, 2532-2619; Aigrain, *op. cit.*, 13, Quasten, *op. cit.*, 176–185. Во православната традиција понекогаш маченииштвата и маченикословите се поистоветуваат.

опишува маченилштвото на 83 маченици од Палестина од времето на гонењата на Диоклецијан и Максимијан. Ова негово дело е вметнато во неговата Црковна историја по осмата книга и го покрива целиот период на гонењата во Палестина од 303 г. до 311 г.[6].

*Маченикословите* биле заманети од *Минеите* и *Минологиите* (гр. Μηναία, Μηνολόγια) и од *Синаксарите* (гр. Συναξάρια) кои содржат преработени резимеа на маченичките описи. *Маченикослови* продолжуваат да се составуваат и во подоцнежните времиња, особено во критични периоди, како што се времето на Јулијан Отстапник и периодите на иконоборството, крстоносните војни и османлиското ропство.

Особено за време на османлиското владеење, кога страдаат многумина нови маченици, се составуваат соодветни *Маченикослови*. Од нив поголемиот дел се однесуваат само на еден новомаченик[7]. Од маченикословни збирки на новомаченици најпознати се: *Новиот маченикослов* на свети Никодим Светогорец[8], *Новиот лимонариј*[9], *Синаксарот на новомачениците*, *Маченикословот* на монахот Кесариј Дапонде[10] и др. Исто така, постојат и локални Маченикослови, кои ги опишуваат новомачениците од одредено место или област.

## ПОУКИ И РАСКАЗИ НА ОТЦИТЕ

Уште во IV век во Египет почнале да се јавуваат антологии со поуки, раскази, анегдоти, чуда и случки од животот на подвижниците. Брзо биле надалеку распространети и станале омилено четиво после Светото писмо, бидејќи всушност тие се најдостапни и најпрактични толкувања на словото Божјо.

Навистина делата и словата на отците од пустината – на старците или аввите, како што вообичаено се нарекуваат – ја толкуваат христијанската порака на едноставен и искуствен начин, што е плод на длабокото искуство на отците од нивното сораспнување и совоскреснување со Христа. Тие покажуваат како словото Божјо може да се изрази и да се доживее преку проб-

[6] Види: PG 20, 1457-1520. Постои критичко издание на грчкиот текст: E. Schwartz, *GCS* 9, 2 (1908) 905–950; и поопширно издание на сирискиот текст: W. Cureto, *History of the Martyrs of Palestine by Eusebius*, London 1961. Извадоци од опширниот грчки текст се публикувани во: H. Delehaye, „De martyribus Palestinae longioris libelli fragmenta", *AB* 16 (1897) 113–139.

[7] Види: Β. Ψευτογκά, „Μαρτυρολόγια νεομαρτύρων (συγγραφείς, συλλογές και εκδόσεις)", *Πρακτικά θεολογικού συνεδρίου εις τιμήν και μνήμην των νεομαρτύρων*, Θεσσαλονίκη 1988, 96–97.

[8] Νικοδίμου Αγιορείτη, *Νέον Μαρτυρολόγιον*, Αθήνα 1961.

[9] *Νέον Λειμωνάριον*, Βενετία 1819.

[10] Σ. Πασχαλίδης, *Ἡ αὐτόγραφη Νεομαρτυρολογική Συλλογή τοῦ μοναχοῦΚαισαρίου Δαπόντε (1713-1784)*, Θεσσαλονίκη 2012.

лемите и ситниците од секојдневниот живот. Така се открива доаѓањето на вечното Божјо царство, не апстрактно и теоретски, туку во конкретно време и простор. На овој начин Христовата вистина станува современа, достапна и разбирлива.

Учењата на отците од пустината не претставуваат организиран „етички" систем, ниту се лекции со вообичаеното значење. Отците одговараат на прашањата кои им се поставени за различни духовни теми преку кратки поуки, преку раскази и анегдоти или опис на чудо, па дури и преку своето молчење. Сето ова сведочи за јасниот обид на духовниот човек да го изрази „умот Христов". Затоа, со истата искрена почит му пристапува на секој соговорник и личниот одговор кој го дава, влијае на луѓето од сите времиња.

Одговорите на отците од пустината и нивните конструктивни наративи не им се наметнуваат на примателите за обврзувачки да ги прифатат. Отците не се обидуваат да ги притискаат луѓето и да ги обременуваат, туку едноставно ја проектираат верата со својот пример и очекуваат да израсне семето на вистината, кое и самите помогнале да се посее и да израсне во душите на луѓето, исклучиво до „Бога, Кој прави да израсне"[11].

Друга клучна карактеристика на овие антологии е тоа што словата на отците се изразени со евангелска едноставност, јасност и концизност, што резултира со тоа веднаш да бидат разбрани од секого и да бидат лесни за помнење. На овој начин, секој читател се задлабочува во различна мера во суштината на кажаното, доаѓа до сопствени и ненаметнати заклучоци и носи лични одлуки, кои ќе го обликуваат неговиот живот.

Овие антологии се познати со различни имиња: Поуки на отците, Саречник, Библија на старците, Слова на светите отци, Рај на отците, Отечник, Патерик, Лимонариј, Раскази, Приказни[12] итн. Првото именување е најдревно. Поука во прв ред означува кратка и сеопфатна фраза, за која времето и искуството покажале дека има општа и вонвременска важност и вредност. Поуката кон која епиграматички води еден особено важен дијалог помеѓу харизматичниот пустиник и неговиот ученик кој го иницирал разговорот, е лесна за помнење и во неа читателот може да се задлабочи и од неа да извлече заклучоци, во зависност од неговото духовно ниво.

Поуката не може лесно да се издвои од други сродни литературни видови, како што се поговорката, изреката, афоризмот и сл., кои постоеле и во антиката, а ги среќаваме главно во делата на Плутарх, Диоген, Елијан, Фокилидис, Теогнис, во повеќе византиски збирки, а посебно во *Едностишијата* (гр. μονόστιχοι) на Менандар. Првите поуки на отците од пустината

[11] 2 Кор. 3, 7.

[12] За познатите отечници и старечници види: BHG 1433-1450z, t. 3, 191–214; а за душеполезните раскази: BHG 1318-1322, t. 3, 175–182.

се јавуваат на почетокот на IV век во усната египетска традиција и главно се однесуваат на подвижниците од Нитрија, од Скитот и од Египетските келии. Едноставноста и живоста на овие текстови е доста добро доловена и во грчките преводи од VI век, кога имињата на отците се подредени по азбучен ред.

Но, од средината на V век почнал да се губи автентичниот карактер на првите поуки поради две основни причини: а) Со развитокот на црковната организација и засилувањето на централистичките управни структури, монаштвото во голем степен ја изгубило својата древна независност, особено со одредбата уредена со 4. Канон од Четвртиот вселенски собор, монасите да се потчинат на власта на епископите. Така, црковната власт, како што е и природно, повеќе ги фаворизирала организираните манастирски центри отколку пустиништвото, кое како харизматична појава не е организирано и затоа имало ограничена перспектива за опстанок. Така, ставот на црковната власт да го потчини под себе пустиножителството и да го стави под своја контрола, несомнено значело негово ограничување, па дури во голема мера и укинување. б) Драстичното зголемување на образовното ниво на монасите, особено од почетокот на V век и нивната интензивна преокупација со догматските теми поради појавата на ересите, ја намалило спонтаноста во творештвото и го ограничило харизматичниот ентузијазам. Поуката од првите векови со својата едноставна јазична форма и длабока егзистенцијална содржина, прогресивно се заменува со преработената „теолошка“ поука. Оваа разлика се забележува ако се споредат, на пример, поуките на Авва Силуан и Авва Сисој со поуките на Авва Нил. Со текот на времето, познатите збирки со поуки на отците се распространиле, а биле составувани и нови, кои се однесувале на познати подвижници од различни области или од конкретни места.

Од средината на V век, поуките се заменети со нови литературни видови, кои повеќе одговарале на духовните потреби на верниците по подемот и утврдувањето на христијанството. Такви нови видови се збирките опширни раскази и описи на чуда, извадоци од житија и беседи на отците, синаксари итн. Исто така се појавиле и антологии кои ги содржеле сите претходни видови со тематско подредување на содржината, како што е на пр. познатата збирка на Павле Евергетски (†16 април 1054).

Најрепрезентативниот претставник на овој вид збирки е насловен како *Поуки на отците* или *Старечник* или *Отечник (Патерик)*. Оваа анонимна антологија содржи слова, чуда, анегдоти и случки на познатите отци од Египетската пустина и од Синај, кои живееле во IV и V век. На грчки веројатно се распространува во VI век, а претходно постоела во усната египетска традиција. Постоеле две варијанти на *Поуките*: азбучна и тематска или сис-

тематска. Во првата варијанта, по азбучен ред се подредуваат имињата на отците и по тој редослед се презентираат нивните поуки, од свети Антониј Велики сè до Авва Ор. Во продолжение се додаваат извадоци од анонимни подвижници. Во тематската варијанта, материјалите се презентираат последователно во 21 глава, кои се однесуваат на различни теми од христијанскиот живот, како што се: тихувањето, благочестието, воздржанието, нестекнувањето, трпението, расудувањето, молитвата, послушанието, смиреномудрието, љубовта итн.

Во предговорот на делото, анонимниот собирач на *Поуките* го истакнува нивното значање и ја опишува нивната содржина, пишувајќи го следново: „Оваа книга ја опишува доблеста на животот и чудесното живеење, како и зборовите на светите и благословени отци, за придобивки од поуките и за почитта на оние што сакаат да стекнат небесно жителство и да одат по патот што води кон Царството небесно. Затоа, треба да знаеме дека светите отци, кои станале ревнители и учители на благословениот живот на монасите, откако некогаш биле прославени со божествена и небесна љубов, и сметајќи го за ништовно сето она што е добро и драгоцено за луѓето, настојувале да не направат ништо за да се покажат себеси; тие во тајност го следеле патот Божји и се обиделе да ги прикријат повеќето од нивните подвизи од преголемо смирение. Затоа, никој не бил во можност точно да го опише нивниот извонреден живот, но само некои од нивните зборови или дела ни беа предадени како записи од оние што вешто се погрижија за тоа, не за да остакнат дека тоа им било предадено ним, туку за да ги поттикнат на ревност оние што допрва треба да дојдат. Затоа, многумина, во различни периоди, ги изложија раскажувањата и подвизите на старците на едноставен и неверојатен начин; бидејќи, само едно имале на ум – многумина да имаат придобивка од тоа“[13].

Поуките од азбучната варијанта се издадени во 1677 г. од страна на Котелиер[14], а се реиздадени во Patrologia Graeca 65, 71A-440D. Преведени се, исто така, на латински, сириски, коптски, ерменски, словенски и на многу други европски јазици[15]. Започнато е и критичко издание на *Поуките* од тематската веријанта во едицијата Sources Chrétiennes.

---

[13] Види: *Αποφθέγματα*, PG 65, 72A-73A.

[14] J. B. Cotelier, *Ecclesiae Graecae monumenta*, t. 1, Parisiis 1677, 338–712, врз основа на кодексот Regius 2466.

[15] За различните изданија на поуките, нивните дополнувања, преводи и соодветна библиографија, види: Quaste, *op. cit.*, 188–189 и *BHG* 1433-1350z, t. 3, 191–214. За оваа проблематика особено е значајно истражувањето: W. Bousset, *Apophthegmata: Studien zur Geschichte des ältesten Mönchtums*, Tübingen 1923.

Со поуките органски се поврзани *Душеполезните раскази* (гр. Ψυχωφελεῖς διηγήσεις, лат. Narrationes animae utiles)[16], знаејќи го фактот дека поуките биле заклучокот на некој расказ или на еден краток дијалог за некоја духовна тема помеѓу харизматичниот пустиник и неговиот соговорник. Затоа *Расказите* се кратки описи со карактер на анегдота или поучни текстови, кои се однесуваат на животот и учењето на великите пустиници од Исток од првите векови на христијанството[17].

Првично, *Расказите* и *Поуките* претставувале една целина. Претходел расказот, кој завршувал со поуката како заклучок. Но, кога во VI век биле запишани поуките, расказите и поуките понекогаш ја задржувале врската, а понекогаш се јавувале одделно како различни видови. Конечно, онаа поука која се помнела полесно и имала посилна дидактичка содржина го засенила расказот и се осамостојувала. Расказите без реторички форми, неразбирливи концепти и теории, се наменети за обичните луѓе од сите епохи, со длабока свесност и разбирање за слабостите и големината на човечката природа.

Неспорно овие текстови се народни наративи кои се карактеризираат со детска незлобливост и невиност. Нивните автори се обдарени со способност да го опипаат пулсот на читателот. Затоа, како што читателот напредува со читањето на овие текстови, така неверувањето, скептичноста и воздржаноста го отстапуваат своето место на восхитот и воодушевувањето. Читателот патува во бескрајните египетски пустини или лута во големите урбани центри на Истокот, следејќи ги хероите на *Расказите* во нивната борба за самоочистување.

## ЖИТИЈА НА СВЕТИТЕЛИТЕ

*Житија на светителите*[18] почнуваат да се пишуваат од почетокот на IV век и ја следат конструкцијата на реторичките пофални слова. Во христијанските агиолошки текстови се забележуваат и влијанија од митологијата на античките источни народи (пр. борба со змејови, спомнување на различни митолошки животни итн.), кои немаат суштинско значење и претставуваат маргинални декоративни елементи. Овие творби имаат христијански карактер. Нивна цел не е прецизен историски опис, туку претставување на хе-

[16] Види: *BHG* 1318-1322z, t. 3, 175-182 и *NA* 1317d-1322zm, 313–323.

[17] Види: Δετοράκη, *op. cit.*, 15-16 и G. Schirò, „Un significato sconosciuto di demotes“, *Rivista di cultura classica e medioevale* 7 (1965) 1006–1016.

[18] За житијата види: H. Delehaye, *Les legends hagiographiques*, Bruxelles [4]1955; H. Delehaye, *Les legends gracques de Saints militaries*, Paris 1909; *Étude sur le Légendier romain*, Bruxelles 1936; A. Van Genner, La Formation des legends, Paris 1910; H. Quentin, *Essais de critique textuelle*, Paris 1926.

роите кои пораснале и се издигнале во Христа. Овие херои и нивните дела се пример за подражавање за верниците. Затоа авторите на овие творби не се воздржуваат да позајмат податоци од други агиолошки творби и да ги презентираат историските настани на начин кој ќе ѝ послужи на нивната конструктивна цел.

Често кај читателот на агиолошките творби се создава впечаток дека описот на настаните од животот на светителите содржи преувеличувања. Веројатно одредени податоци имаат педагошка цел и се стилизирани, но се неопходни за проекција и прифаќање на идеалот на светоста. Овие податоци служат за врамување на вистината и со својата пластичност помагаат за нејзино прифаќање. Биографите на светителите не се ограничуваат само на опис на настаните, туку продолжуваат и кон нивно надисториско и духовно толкување, го покажуваат натприродното присуство на Бога во животите на светителите и шематски го истакнуваат нивното житие како симбол на новиот, пpероден човек во Христа[19].

Парадоксалното, преувеличеното и натприродното за вообичаените човечки мерки се факторите за создавање на соодветните рамки за признавање и прифаќање на вистината. Читателот не се чувствува измамен. Интервенцијата на авторот на агиолошките текстови е во рамки на формата, а не на содржината. Затоа кога се читаат овие текстови, читателот не треба да се ограничува на пластичноста на раскажувањето и на стилскиот шарм на авторот, што секако се постигнува со формата и обликот на текстот, туку треба да ја надмине рамката и да ја открие и запознае скриената вонвременска вистина.

*Житијата* на светителите се литературен вид кој се развил по периодот на гонењата. Паралелно со маченицитe, Црквата ги истакнува клириците, подвижниците, монасите и лаиците, кои се истакнале со своите добродетели и светоста. Во *Житијата* се опишува животот, дејноста, чудата и сите нешта кои заслужуваат да бидат спомнати за овие значајни личности. Цел на *Житијата* е утврдување и духовно издигнување на верниците, па затоа во нив не отсуствуваат преувеличувањата и историските непрецизности. Бидејќи имаат за цел да ги возвеличаат добродетелите на светителите, *Житијата* во многу нешта се слични со реторичките пофални слова. Првите најзначајни творби од овој вид се *Житието на свети Антониј Велики*[20], *составено од неговиот ученик свети Атанасиј Велики и Житието на Константин Велики*[21], *составено од Евсевиј Кесариски.*

[19] Γ. Μαντζαρίδη, *Χριστιανική ηθική*, Θεσσαλονίκη $^{3}$1991, 254 et seq.

[20] PG 26, 837A-976B. Види превот на македонски јазик: Свети Атанасиј Велики, *Ава Антониј*, Скопје 1997.

[21] PG 20, 905A-1440B.

*Пофалните Житија* на светителите, кои се подредуваат во репрезентативниот вид на реториката, следат одредени правила[22]. Според овие правила, *Житијата* започнуваат со вовед, во кој се истакнува важноста на темата, како и неумешноста на авторот достојно да го опише животот на светителот. Во продолжение се допишуваат татковината, семејството, раѓањето на светителот, неговите физички карактеристики и неговото образование. Следат описи на неговиот начин на живот, неговите дела и духовни борби, добродетели итн. Ваквиот наратив се збогатува со компарации со личности кои се пример за добродетелен живот од Светото писмо. *Житијата* завршуваат со опис на смртта на светителот и чудата доколку евентуално се случиле, со неколку крајни споредби и наративи и на крај со епилог, кој содржи молби кон светителот.

Попрецизно, формата и обликот на Житијата се формираат со развивање на единаесет теми или топоси:

1. Вовед.
2. За татковината и градот на светителот.
3. За неговото семејство.
4. За неговото раѓање.
5. За воспитувањето и неговите физички карактеристики.
6. За неговото образование.
7. За неговото занимање и начинот на живот.
8. За неговите дела.
9. За крајот на неговиот живот.
10. Споредби.
11. Епилог.

Природно, византиските автори на агиолошки пофални творби за пример ги имале соодветните светоотечки творби, посебно творбите на свети Атанасиј Велики, свети Григориј Богослов и свети Василиј Велики.

*Житијата* на светителите биле особено популарни помеѓу широките народни маси во византиското општество. Со едноставниот стил и топлото верско чувство кое го будат, тие имаат огромна педагошка вредност. Дури и денес, покрај историското, филолошкото, теолошкото и социолошкото значење на овие творби, нивното читање без предрасуди може да го привлече читателот, да го одмори од денешниот отуѓен свет и да разбуди во него еден повозвишен свет исполнет со нежност, мир, сигурност и доверба. За крај, читањето на *Житијата* со херојскиот дух на верата, може да придонесе да ги надминеме нашите лични потешкотии и проблеми.

[22] Овие правила ги поставиле Менандар во своите *Епидектички говори* (*Περὶ ἐπιδεικτικῶν*),Теон Александриски во неговите *Вежби* (*Προγυμνάσματα*) и Ермоген во неговите *Вежби* (*Προγυμνάσματα*). Види: Aigrain, *op. cit.*, 121–124 и 297 et seq.

## АГИОЛОШКИ РОМАН

Еден нов литературен вид – роман, почнува да се јавува во хеленистичкиот свет од александриското време, па сè до првите векови по Христа[23]. Темите на овие романи се речиси идентични: разделба на сакани луѓе, авантури за нивно пронаоѓање во непознати и опасни земји со чудни обичаи и навики, агонија, неочекувани заплети, конфузија на чувства, дијалози, страдања, стравови, саможртва, борби и на крај – долгоочекуваното спојување на љубените.

Агиолошките романи[24] во однос на формата се инспирирани од хеленистичките модели и источните мотиви. Овој литературен вид се дели на две категории: историски агиолошки роман и фантастичен агиолошки роман. Во првата категорија спаѓаат творбите кои се спој на некои реални податоци, поставени во фантастични рамки. Во втората категорија спаѓаат творбите во кои отсуствува историската рамка, а личностите се измислени од авторот.

Најпознатиот агиолошки роман е *Житието на Варлаам и Јоасаф*[25] од свети Јован Дамаскин. Други романи се таканаречените *Псевдоклиментови*[26], *Житието и дејноста на блажениот Ксенофон и на неговите чеда Јован и Аркадиј*[27], *Житието и маченииштвото на свети Евстатиј*[28] и др.[29]

## СИНАКСАРИ, МЕСЕЦОСЛОВИ И ЗБИРКИ НА ЧУДА

Во овој вид спаѓаат наративите за бројни светители и празници. Станува збор за збирки кои во принцип се оформени со сублимирање на *Маченииштва* и *Житија* на светители од страна на различни анонимни подоцнежни автори. Имаат спорна историска вредност, бидејќи доста отстапуваат од

[23] Такви романи се *Чудата на другата страна од Туле* (*Τὰ ὑπὲρ Θούλην ἄπιστα*) од Антониј Диоген, *Вавилонската повест* (*Βαβυλωνιακά*) на Јамвлих, Ефеската повест (*Ἐφεσιακά*) на Ксенофонт Ефески, *Левкипа и Клитофонт* (*Τὰ κατὰ Λευκίππην καὶ Κλειτοφῶντα*) од Ахил Татиј, *Дафнис и Хлоја* (*Τὰ κατὰ Δάφνιν καὶ Χλόην*) од Лонг и *Етиопската повест* (*Αἰθιοπικά*) од Илиодор Емесиски (III век). Општо за византиските романи види: H. G. Beck, *Geschichte der byzantinischen Volksliteratur*, Munich 1971, 117–147; H. Hunger, *Die hochsprachliche profane Literatur der Byzantiner*, t. 2, Munich 1978, 119–142; H. G. Beck, F. Conca, C. Cupane, *Il romanzo tra cultura latina e cultura bizantina*, Palermo 1986.

[24] Види: Delehaye, *The Legends of the Saints…*, 89 et seq.; Δ. Τσάμη, *Το Μαρτυρολόγιον του Σινά*, Θεσσαλονίκη 1989, 137 et seq. и 239 et seq.

[25] *BHG* 224, t. 1, 79-80

[26] *BHG* 319-340, t. 1, 113-115

[27] *BHG* 1877u-1879, t. 2, 316-318.

[28] *BHG* 641-643, t. 1, 201.

[29] За повеќе информации види: Δετοράκη, *op. cit.*, 89 et seq.

историските рамки на личноста на која се однесуваат, а понекогаш постојат и преувеличувања.

*Синаксарот* (гр. Συναξάριο лат. Legenda)[30] се чита за време на богослужбените собири, обично после шестата песна на каноните на Утрената и претставува кратко житие на светителот или краток опис на содржината на празникот. Најпознат *Синаксар* е *Синаксарот на Константинополската црква*, кој е составен во X век[31].

Синаксарите, всушност, се слични со Месецословите[32], во кои исто така по календарски редослед се поместени текстови кои се однесуваат на празниците и светителите[33]. Сочувани се некои Месецослови составени за императорот и се познати како императорски Месецослови[34]. Најпознатиот од нив е напишан по заповед на императорот Василиј II и е содржан во кодексот Vat. gr. 1613. Овој Месецослов е познат по богатата декорација со 430 минијатури и на многу места го дополнува *Синаксарот на Константинополската црква*[35]. Друг значаен императорски Месецослов е издаден од Б. Латишев[36]. Најпознат автор на Месецослови е свети Симеон Метафраст, кој живеел на крајот на X век[37]. Од поновите синаксари попознари се *Синаксарот* на свети Никодим Светогорец[38] како и *Новиот синаксар* на еромонахот Макариј Симонопетриски[39].

Бидејќи во житијата на светителите се забележани и чудата кои тие ги извршиле, за некои од нив се составени и посебни збирки на чуда. Најзначајни меѓу нив се:

---

[30] За синаксарите види: J. Noret, „Ménologes, synaxaires, menées", *AB* 86 (1968) 21-24; H. Delehaye, *Synaxaires byzantins, ménologes, typica*, London 1977.

[31] Види ја публикацијата на овој синаксар: H. Delehaye, *Propylaeum ad Acta sanctorum novembris. Synaxarium ecclesiae constantinopolitanae*, Bruxelles 1902.

[32] Δετοράκη, *op. cit.*, 13.

[33] За месецословите види: F. Halkin, *Hagiologie byzantin*, Bruxelles 1986, 31–46.

[34] Види: F. Halkin, „Le mois de janvier du 'Ménologe imperial' byzantin", *AB* 57 (1939) 225-236; F. Halkin, A.-J. Festugière, *Dix texts inédits tires du ménologe imperial de Koutloumous*, Genève 1984; F. Halkin, „Les moines martyrs de Sinai dans le ménologe impérial", Mémorial A.-J. Festugière, Genève 1984, 267-273; F. Halkin, *Le ménologe imperial de Baltimore*, Bruxelles 1985.

[35] Текстот е публикуван во PG 117, 20C-613C и од P. de Cavalieri, *Il Menologio di Basilio II*, t.1-2, Torino 1907.

[36] *Menologii anonymi byzantini*, St. Petersburg 1912.

[37] Неговиот десеттомен месецослов е публикуван во PG 114–116.

[38] Νικοδίμου Αγιορείτη, *Συναξαριστής των Δώδεκα Μηνών*, τ. 1–12, Εν Κωνσταντινουπόλει 1749–1809.

[39] Μακαρίου Σιμωνοπετρίτη, *Νέος συναξαριστής της Ορθοδόξου εκκλησίας*, τ. 1–12, Θεσσαλονίκη 2004–2011.

а) Чудата на свети Димитриј[40].

б) Чудата на свети Георгиј[41].

в) Чудата на свети Николај[42].

г) Чудата на свети Артемиј[43].

д) Чудата на свети Мина[44].

ѓ) Чудата на свети Козма и Дамјан[45].

е) Чудата на света Текла[46].

Исто така, различните источни цркви имаат свои агиолошки збирки, кои за жал сè уште не се систематски истражени. Овие збирки се напишани на различни јазици, како што се: грузиски[47], ерменски[48], коптски[49], етиопски[50], сириски[51] и др.

[40] *BHG* 499-532q, t. 1, 154-159 и *NA* 499-529, 62.

[41] *BHG* 687 et seq., t. 1, 217-218 и *NA* 687 et seq., 79 et seq.

[42] *BHG* 1350k et seq., t. 2, 142 и *NA* 1352c et seq., 157 et seq.

[43] *BHG* 173-174, t. 1, 65-66 и *NA* 173d, 35.

[44] *BHG* 1256-1296m, t. 2, 112-114 и *NA* 1257-1296a, 148.

[45] *BHG* 385-392, t. 1, 130-136 и *NA* 387g-390h, 55-56.

[46] *BHG* 1716a-1718н, t. 1, 268-269.

[47] G. Sabinin, *Sakart'hvelos Samot'hkhe*, St. Petersburg 1832; C. Kekelidze, *Monumenta Hagiographica Georgica*, t.1-2, Tbilisi 1918-1946; G. Garitte, *Le Calendarier palestino-géorgien du Sinaiticus 34*, Bruxelles 1958.

[48] *Vitae et Passiones Sanctorum*, t.1-2, Venezia 1874; *Acta Sanctorum pleniora*, t.1-12, Venezia 1810-1835.

[49] H. Hyvernat, *Actes des martyres de l' Égypte*, Paris 1886; I. Balestri, H. Hyvernat, *Acta martyrum, CSCO, Scriptores Coptici* 1907-1950; I. Forget, *Coptic Jacobite Synaxary, CSCO, Scriptores Arabici*; E. Amélineau, *Les actes des martyres de l' église copre,* Paris 1890; W. Till, *Koptische Heiligen und Märtyrerlegenden*, t. 1-2, Roma 1935-1936.

[50] M. Pereira, *Acta Martyrum, CSCO, Scriptores Aethiopici* II, t. 28; B. Turajev, *Monumenta Aethiopiae hagiologica*, S. Petersbourg 1902.

[51] S. E. Assemani, *Acta Martyrum Orientalium*, t.1-2, Roma 1784; P. Bedjan, *Acta Martyrum et sanctorum*, t.1-7, Leipzig 1890-1897.

VIKTOR NEDESKI

## OVERVIEW OF THE HAGIOLOGICAL SOURCES OF THE ORTHODOX CHURCH

(Summary)

The most important hagiological works of the Orthodox Church were written in the IV–V century and in the XIV century. The main protagonists in these works are the martyrs from the time of persecution, ascetics and church figures who fought against heresies. From the end of the VII century and in the VIII century there are very few hagiological texts, while from the IX century until the XI century there is a significant rise. After the stagnation of the XII century there is a new rise in the era of the Palaiologoi. The purpose of this paper is to give a chronological and thematic overview of the most important hagiological sources of the Orthodox Church.